**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
# за спроведување ЕУ обука за државните службеници за 2005-2006 година[*]

***Скопје, јули 2005 година***

---

[*] Во согланост со Стратегија за обука на државните службеници на Република Македонија во процесот на приближување кон Европската унија (мај 2000 година).

*Оперативниот план за спроведување на ЕУ обука на државните службеници на Република Македонија за 2005-2006 година претставува континуитет на планираните активности за спроведување на обуката врзана за процесот на европска интеграција, првенствено наменета за државните службеници на Република Македонија. Неговата цел е да обезбеди и да го координира унапредувањето на знаењата и вештините на администрацијата во насока на успешно остварување на процесот на интегрирање на Република Македонија во ЕУ.*

*Овој трет по ред Оперативен план се темели и е во фунцкија на остварување на:* ***"Стратегијата за обука на државните службеници на РМ во процесот на приближување кон Европската унија",*** *усвоена на Дванаесетата седница на Владата на Република Македонија на 30.05.2000 година.*

***Оперативниот план за ЕУ обука ги утврдува приоритетните целни групи на обука, темите и видот на обука од областа на европската интеграција, активностите преку коишто ќе се реализира обуката, како и соработката со донаторите во таа насока. Имплементацијата на Оперативниот план за ЕУ обука ќе се обезбеди со финансиски средства од Буџетот на Република Македонија и средства од странските донатори.***

## *С о д р ж и н а*

**Вовед** 4

**Појдовни основи за реализација на ЕУ обуката** 5

**Координација на ЕУ обуката** 5

**Целни групи** 6

**Облици на изведување на ЕУ обуката** 8

**Видови обуки и надградба** 8

- **Обуки насочени кон стекнување и утврдување на знаења поврзани со процесот на европска интеграција** 9
- **Обуки насочени кон градење на вештини** 9
- **Стипендирање на последипломски студии за ЕУ/ЕИ на универзитети во странство** 10
- **Тренинг центар за европска интеграција (ТЦЕИ) - ТЕМПУС проект** 10

**Финансирање** 11

**Соработка со донатори** 12

**Услови и ризици** 14

**Мониторинг и евалуација** 14

**Генерални констатации и насоки произлезени од досегашните искуства** 15

**Заклучоци** 16

# Вовед

Подготовката на државните службеници на Република Македонија за успешно остварување на стратешкиот приоритет на државата - интеграцијата во Европската унија, нивната надградба, унапредување на нивните знаења и зголемена информираност за сите поврзани и релевантни процеси, актери и активности во тој домен, претставува можеби и најголемиот предизвик, а секако е една од најтешките задачи на патот до ЕУ. Впрочем, административниот капацитет и градењето на модерна, професионална и компетентна администрација која ќе биде подготвена да го износи и спроведе процесот на паралелени реформи и преговарања со институциите и службите на Европската унија, и оттаму ќе биде подготвена непречено и соодветно да функционира во таканаречениот "европски административен простор" претставуваат императив и неминовна неопходност. Ова воедно преставува и исполнување на Копенхагенските критериуми и на Мадридскиот критериум за подготвеност за станување полноправна членка на ЕУ.

Оттаму, уште во мај 2000 година се донесе "Стратегијата за ЕУ обука на државни службеници", што претставуваше клучен документ и појдовна основа при развивањето, организирањето и спроведувањето на ЕУ обуката на државните службеници, како дел од неопходните надградби и потреби на администрацијата. Стратегијата за ЕУ обука на државните службеници ги дефинира целните групи на обука, областите на ЕУ обука, методите на обука, финансирањето, управувањето, координацијата, евалуацијата и мониторингот на ЕУ обуката.

По усвојувањето на Стратегијата за ЕУ обука на државните службеници на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања во тесна соработка со одделенијата за европска интеграција при министерствата и другите релевантни органи на државната управа започна со развивање и имплементирање на конкретни програми за ЕУ обука. Во јануари 2001 година, Владата на Република Македонија го усвои првиот Оперативен план за ЕУ обука за 2001-2002 година. Вториот Оперативен план за ЕУ обука на државните службеници беше донесен во октомври 2003 година за периодот 2003-2004. Оперативните планови се конкретните инструменти преку кои се насочува градењето и јакнењето на институциите во водењето и спроврeдувањето на процесот на европската интеграција, односно јакнење и ширење на базата на човечки ресурси кои се круцијален фактор за процесот на интеграција.

При реализацијата на Оперативните планови, Секторот за европска интеграција[1] користеше средства од Буџетот на Република Македонија, но исто така во голема мерка се потпираше на соработката со странските донатори и други релевантни институции за ЕУ обука. При спроведувањето на тие соработки секогаш се поаѓаше од Стратегијата за ЕУ обука и од Оперативните планови, на тој начин водејќи сметка за комплементарноста на сите односни активности, како и за соодветно покривање на нараснатите потреби од ЕУ обука на државните службеници.

[1] Со измена и дополнување на Законот за Влада на Република Македонија (Сл. Весник бр. 55/2005), Секторот за европска интеграција прерасна во **Секретаријат за европски прашања**.

Покрај странската експертиза во реализацијата на активностите содржани во Оперативниот план, с# повеќе ќе се потпираме на локалната експертиза, со постојано и систематско наградување и оформување на специјализирани локални експерти. Истовремено, ќе зајакне воспоставената соработка помеѓу релевантните државни институции кои управуваат со ЕУ обуката и одредени професионални здруженија и невладини организации кои ќе учествуваат во нејзината реализација.

## Појдовни основи за реализација на ЕУ обуката

Основни појдовни точки во развивањето на Оперативниот план се:

- Стратегија за обука на државните службеници на Република Македонија во процесот на приближување кон Европската унија;
- Системот за обука на државните службеници и насоките од Агенцијата за државни службеници;
- Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во ЕУ;
- Акциониот План за имплементација на Европското партнерство;
- Спогодбата за стабилизација и асоцијација, склучени меѓу Република Македонија и Европските Заедници и нивните земји членки;
- Националната програма за приближување на законодавството;
- Годишниот извештај на Европската комисија за процесот на стабилизација и асоцијација за Република Македонија;
- Како и актуелните моменти во развојот на односите со ЕУ: изготвувањето на првиот нацрт на Националната програма за усвојување на *acquis communautairre* (NPAA), константниот дијалог со ЕУ на политичко и на техничко ниво, како и подготовката на домашната администрација и неопходните структури за преговори со ЕУ.

## Координација на ЕУ обуката

Со оглед на обемноста на активностите содржани во Оперативниот план и потребата од систематско следење и оценка на реализацијата на обуките, а имајќи ја предвид надлежноста на одредени органи на државната управа во координацијата, управувањето и спроведувањето на обуката, се наметнува потребата од воспоставување на солиден систем на координација на ЕУ обуката.

Секторот за европска интеграција, сега Секретаријат за европски прашања, од самиот почеток е задолжен за координирање, организирање и реализација на ЕУ обуката. Во согласност со нејзината законска надлежност, Агенцијата за државни службеници ја има главната координативна улога во однос на стручното усовршување и обуката на државните службеници. Имајќи ги предвид воспоставените практики и произлезените искуства, со стратешкиот документ на Агенцијата за државни службеници “Систем за

обука на државните службеници"[2], координирањето на ЕУ обуката се остава да се води преку Секретаријатот за европски прашања Владата на Република Македонија.

За да се овозможи комплементарно и конзистентно координирање на ЕУ обуката, Секретаријатот за европски прашања е во постојан контакт со ***Агенцијата за државни службеници***. Но, исто така, со оглед на предметот на работа на Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за европски прашања честопати ги координира ЕУ обуките и односните активности со него - овој вид соработка и координација е договорен заедно со Агенцијата за државни службеници и успешно се спроведува.

Во рамките на Секторот за европска интеграција, а сега Секретаријат за европски прашања, Одделението за институционална надградба е надлежно да обезбедува поддршка во јакнењето на постојните институции на државната управа и изградба на потребните одрживи државни институции за остварување на процесот на европска интеграција и унапредување на знаењата на државните службеници за ЕУ и процесот на европска интеграција. Една од основните активности на ова Одделение е токму координацијата на ЕУ обуката и следење на нејзиното имплементирање.

Покрај соработката и координацијата со АДС и со Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за европски прашања ги координира и усогласува своите активности согласно тековните реформски процеси во земјата. Оттаму, учеството во отворените седници на Трилатералниот комитет за спроведување обука во функција на процесот на децентрализација во локалната самоуправа, е во насока на обезбедување комплементарност и конзистентност, како и одбегнување на можни дуплирања на активностите. Воедно, вреди да се напомне дека Секретаријатот за европски прашања остварува солидна соработка со Центарот за континуирана едукација на судиите во делот на ЕУ/ЕИ обуката.

## Целни групи:

Иако Стратегијата за ЕУ обука во својот наслов ги опфаќа само државните службеници, таа покрај државната администрација се однесува и на другите чинители во општеството, активни и неопходни во процесот на европска интеграција: Парламентот, судството, невладиниот сектор, економски оператери, медиуми и слично. Оперативните планови пак, имаат за цел да ги дефинираат најприоритетните целни групи коишто ќе бидат предмет на интензивна обука и респективни активности во тековниот период.

Согласно тоа, за периодот 2005-2006 година, а имајќи ги предвид и приоритетните обврски во процесот на европска интеграција во тој период, приоритетот е ставен на следните целни групи:

- Државни службеници директно вклучени во процесот на приближување на националното законодавство кон европското:

[2] Овој стратешки документ во нацрт, со работен наслов "Систем за обука на државните службеници", ќе биде донесен по измените и дополнувањата на Законот за државни службеници, предвидени за втората половина од 2005 година.

- Членови на Работните групи за подготовка на националната програма за усвојување на правото на ЕУ (NPAA) и подготовка на преговарачките позиции за преговори со ЕУ
- Членови на Поткомитетот за приближување на националното законодавство кон она на ЕУ;
- Членови на Работни групи и Подгрупи на Поткомитетот за приближување на националното законодавство кон законодавството на ЕУ;
- Секретаријат за законодавство;
- Одделенија за нормативно-правни работи, при министерствата и институциите на државната администрација;
- Комисија за европски прашања, во рамки на Собранието на Република Македонија;
- Законодавно-правна комисија, Собрание на Република Македонија;
- Одделението за превод на европските правни акти при Секретаријатот за европски прашања;

❖ Идните преговарачки тимови;

❖ Државни службеници директно вклучени во координација на процесот на европска интеграција:

- Државни секретари и членови на Работниот комитет за европска интеграција;
- Државни службеници вработени во Секретаријатот за европски прашања на Владата на РМ;
- Државни службеници вработени во одделенијата за европска интеграција, при министерствата и другите органи на државната управа;

❖ Државни службеници вработени во општинската администрација.

Дел од наведените целни групи во суштина и се преклопуваат. Имено, целната група Одделенија за европска интеграција во голема мерка е застапена во Работните групи за усогласување на законодавството. Од друга страна, пак, координативните групи и целата структура воспоставена и организирана за потребите на одговарање на Прашалникот на европската комисија, етаблирани во септември 2004 година, опфаќаат и вклучуваат голем дел од истите државни службеници. Со отпочнувањето на работата на Националната програма за усвојување на *acquis* (NPAA), и формирањето на работните групи согласно поглавјата на европското законодавство, коинцидира по својот опфат со претходно спомнатите координативни групи, а во дел и со идните преговарачки тимови.

Во насока на сеопфатно покривање на процесот на интегрирање во ЕУ покрај горенаведените идентификувани приоритетни целни групи на обука, како директни

учесници во обуките во Оперативниот план, во зависност од темата на обуката ќе се поканат и членови на други целни групи кои не се конкретно наведени во Оперативниот план, а се дел од процесот на европска интеграција.

## Облици на изведување на ЕУ обуката:

Поимот обука офаќа повеќе облици на стекнување на знаења и искуства, и оттаму, неможе да се ограничи обучувањето, стекнувањето знаење и јакнењето на капацитетите на администрацијата само на класичните форми на обука. Согласно искуствата од изминатите години, надградбата може да ги има следните облици:

- обуки, семинари, работилници организирани во Република Македонија,
- обуки, семинари, работилници организирани надвор од Република Македонија,
- обуките може да бидат куси и подолги,
- може да се одвиваат како стажеви,
- може да се организирани во облик на студиски патувања,
- може да се во вид на остварување технички дијалог и слично.

## Видови обуки и надградба

Во однос на видот, или поконкретно тематиката на обуката, таа може да се организира во две насоки, во согласност со пројавените потреби во имплементација на процесот на европска интеграција, како:

- Обуки насочени кон стекнување и утврдување на знаења поврзани со процесот на европска интеграција,
- Обуки насочени кон градење на вештини,
- Стипендирање на последипломски студии за ЕУ/ЕИ на универзитети во странство,
- Тренинг центар за европска интеграција (ТЦЕИ) - ТЕМПУС проект.

**Обуки насочени кон стекнување и утврдување на знаења поврзани со процесот на европска интеграција:**

се обуки коишто имаат за цел да обезбедат знаења како за Европската унија, историјатот, актите, правниот систем, политиките, институциите, така и знаења за самиот процес на европска интеграција и искуствата на земјите коишто минале низ истиот. Оттаму, овие обуки се организираат на следниот начин:

- општи обуки за Европската унија,

- обуките за Процесот на стабилизација и асоцијација,

- обуките за правниот систем на ЕУ,

- обуки за процесот на европска интеграција и за Европското партнерство

- специјализираните обуки за конкретни политики и/или поглавја на *acquis communautaire* (политика на конкуренција, заштита на податоци, регионална политика, четирите слободи на движење, правда и внатрешни работи, истражување и развој, политика на вработување и др.),

- обуки за координацијата на странската помош,

- обуки за пристапот до и користењето на ЕУ фонодовите, и други.

**<u>Обуки насочени кон градење на вештините:</u>**

се обуки коишто имаат за цел да ја запознаат администрацијата и да развијат кај неа вештини и техники неопходни за организирање на политики, за спроведување на проекти, за изработка на работни планови, начини на работа, соработка и слично. Поаѓајќи од изразените потреби на администрацијата, било преку претходно прибрани одговори на прашалници, и/или преку добиени евалуации и сугестии, или пак преку директни контакти од разговори и бреинсторминг сесии, се јавува неопходна потреба од обука за:

- стекнување вештини за преговарање;

- стекнување вештини за презентирање;

- стратешко планирање;

- креирање на политики;

- управување со проекти (Project Cycle Management);

- изработка на логичка матрица (Logical Framework Matrix);

- изработка и следење на имплементација на twinning проекти;

- ИТ описменување и надградување на знаењата и

- англиски и француски јазик.

Двете групи обуки се комплементарни и во најголем број случаи знаењата и вештините се дополнуваат. Од друга страна, пак, вештините претставуваат алатка во поддршка на процесот на европска интеграција.

**<u>Стипендирање на последипломски студии за ЕУ/ЕИ на универзитети во странство:</u>**

Владата на Република Македонија веќе трета година по ред ја спроведува програмата за доделување стипендии за посетување на последипломски студии во облста на ЕУ и неопхдони за спроведување на процесот на европска интеграција, на кандидати коишто се

запишале на странски универзитети. Целта на оваа програма е да се обезбедат кадри по пат на едногодишни усовршувања во областа на ЕУ и да стекнат консолидирани и фокусирани знаења коишто неможат да ги стекнат на универзитетите во Република Македонија. Заедно со третата генерација стипендијанти, преку оваа активност доделени се 24 стипендии. Стипендијантите, по нивното завршување на студиите, активно се вклучуваат во административните структури ангажирани на процесот на ЕУ.

Овој вид на обучување и остручување за потребите на процесот на европска интеграција и приближувањето на Република Македонија кон ЕУ се спроведува со средства обезбедени од буџетот на Владата на Република Македонија и од средства обезбедени од Владата на Кралството Холандија и Владата на Република Германија, утврдени со Меморандуми за соработка.

Владата на Република Македонија има за цел да продолжи со спроведувањето на оваа активност, на утврдувањето и зајакнувањето на соработката со холандската и германската влада, како и на развивањето на можна соработка со другите заинтересирани донатори.

**<u>Тренинг центар за европска интеграција (ТЦЕИ)</u>:**

ТЕМПУС проектот за јакнење на институциите во функција на процесот на европска интеграција, е напор да се создаде образовна институција којашто во најголем дел од својата работа ќе се насочи кон зголемување и подобрување на капацитетите на македонската администрација во приближувањето кон ЕУ. Проектот се спроведува во соработка со Колеџот на Европа од Бриж, Белгија - носител, Универзитетот од Лимерик, Ирска, Економскиот факултет во Скопје - координатор, Секторот за европска интеграција при Владата на Република Македонија (Секретаријат за европски прашања), Правниот факултет во Скопје, Економскиот факултет во Прилеп и Европското движење.

Со тригодишниот ТЕМПУС проект се има за цел да се изгради јадро на кадри - идни обучувачи, од редот на инволвираните академски институции и од редот на државните службеници, коишто преку ТЦЕИ со обуките коишто ќе се организираат и нудат (а дел од нив се во тек) ќе овозможат да се зајакнат административните капацитети во реформските процеси неопходни за придружувањето кон ЕУ.

Во текот на 2005 година се спроведоа две еднонеделни обуки за консолидирање на знаењата на идните обучувачи, се обезбеди обука на летните школи во Лимерик и Бриж, како и обука за преговарачки вештини во Бриж. Во текот на месец септември 2005 година се предвидува спроведување на летна школа (во согласност со програмата на летниот интензивен семинар на Колеџот на Европа во Бриж) во траење од две недели наменета за државни службеници, пилот семинар за ЕУ за медиумите, а во текот на 2006-тата година следи 12 неделна обука за идните обучувачи на ТЦЕИ, којашто има за цел да го обезбеди и утврди неопходното знаење на носителите на идните активности на ТЦЕИ и да ги профилира како специјализирани ЕУ обучувачи.

Фазата на воспоставување на Тренинг центарот, поточно траењето на ТЕМПУС проектот, завршува кон крајот на 2006 година. Со тоа, *Тренинг центарот за европска интеграција* се смета за подготвен и оформен во својот целосен капацитет да нуди општи и специјализирани обуки за ЕУ/ЕИ. Имајќи предвид дека Тренинг центарот и неговите

кадри, т.е. обучувачи, се формирани првенствено и основно, за потребите на администрацијата во процесот на европска интеграција и градењето/јакнењето на нејзините капацитети, во текот на втората половина од 2006 година ќе се пристапи кон изготвување и профилирање на понудата на обуките за администрацијата преку овој центар.

## Финансирање:

Потребите на администрацијата од соодветна обука мора секогаш да се поткрепени со соодветни буџетски планирања и обезбедување на средства во рамки на секој орган поодделно.

Исто така, и ЕУ обуката се покрива со буџетски средства и со средства обезбедени од соработки со странските донатори.

Секретаријатот за европски прашања, иако ја има координативната улога во однос на организацијата не ЕУ обуката, во најголем дел од случаите исто така се јавува и како финансиер на дел од истата. Средствата за 2005 година за оваа намена се предвидени во Буџетот на Република Македонија под Програма 20 - Европска интеграција, во ставките:

- 420 - патни расходи,
- 425 - договорни услуги,
- 426 - други тековни расходи,
- 464 - стипендирање на последипломски студии во областа на ЕУ/ЕИ.

За 2006 година, Секретаријатот за европски прашања, соодветно на досегашната практика, исто така ќе предивиди средства за овие активности.

ТЦЕИ, како тригодишен проект, се финасира од средствата на Европската комисија под програмата ТЕМПУС (TEMPUS Programme - IB_JEP-17013-2002).

Од друга страна, пак, имајќи ја предвид надлежноста на Секретаријатот за европски прашања и секојдневните контакти со странските донатори, најголем дел од обуката ориентирана кон ЕУ и процесот на европска интеграција се договара на ова ниво. Не ретко се отвара и можноста за кофинансирање на обуката.

Но, останува потребата (којашто исто така ја предвидува и укажува на неа и Агенцијата за државни службеници) обуките да се планираат на годишно ниво во рамки на работните програми на секој орган на управата, и не секогаш да се очекува да се појават донатори за да се реализира обука или стекнат знаења, односно токму да се појде од сопствените потреби и да се обезбеди можноста самите да одговориме на оваа потреба.

## Соработка со донатори:

Со некои од донаторите веќе имаме долгогодишна успешна соработка, а со некои од нив, соработката ја воспоставивме за првпат во 2005 година.

Така, со **институциите на Европската унија**, овозможено е на голем дел од централната администрација којашто работи на конкретни и специфични политики да стекне знаења преку инструментот **TAIEX**, односно обуките, и користењето на консултантските услуги преку овој инструмент.[3] Исто така, сите **CARDS** проекти содржат во себе компоненти на јакнење на институциите преку разни активности и облици на обука.[4] Кај дел од нив, како на пример, во следните проекти: Проектот "Train" за локалната самоуправа, Проектот за поддршка на Бирото за јавни набавки, Проектот за поддршка за воспоставувањето на системот за внатрешната контрола, Проектот за градење капацитети за децентрализирана имплементација на ЕУ помош, особено е изразена компонетата на обука на државната админситрација. Воедно, **Делегацијата на Европската комисија**, на годишна основа проектира извесен број обуки насочени кон конкретни целни групи. Можности за користење обуки и слични активности за јакнење и надградба на знаењата, исто така, се отворени во дел од **Програмите на Заедницата** (Community Programmes).

Низа години наназад, Владата на Република Македонија остварува интензивна соработка со **GTZ**, германската техничка помош, токму во процесот на европска интеграција. Преку оваа соработка се овозможува организирање на обука за наведените целни групи во Република Македонија, како и обука во странство за помал број државни службеници. Овде исто така, би посочиле дека со институциите на **Германската Федерална Влада** но, и со институциите на **покраинските власти** се остварува одлична соработка, којашто се предвидува да продолжи и во периодот 2005/2006 година, како во организацијата на кратки и долги семинари во Република Македонија и во Република Германија, така и во однос на една од незаменливите облици на стекнување практично знаење за културата на работењето - реализација на стажеви.

Со **британската влада** се реализираат активности за јакнење и градење на капацитетите на македонската администрација со предзнакот на европската интеграција преку соработките коишто во оваа насока се реализираат со ДФИД проектот за јавна администрација, Британскиот совет и Британската амбасада во Република Македонија. За периодот 2005/2006 година се договараат конкретни ЕУ обуки коишто би се одвивале во Република Македонија во делот на ЕУ материјата но, исто така и во однос на стекнување на определени вештини (преговарање, презентациски вештини и слично), како и обука во изучувањето на англискиот јазик.

Веќе неколку години наназад во Република Македонија се изведува еден особен вид на обука организиран од страна на **амбасадата на Република Франција** – Обука за високи државни службеници. Покрај овој вид соработка, понудени се и други можни облици на соработка, како и изучување на францускиот јазик од страна на државните службеници директно вклучени во процесот на европска интеграција.

Со **Владата на Кралството Норвешка** се реализираат поголем број активности за јакнење на капацитетите на државната администрација. Во таа соработка опфатени се и обуки на државните службеници со серија курсеви насочени кон консолидирање и стекнување нови знаења за ЕУ но, исто така и кон стекнување неопходни вештини за

---

[3] Информација за реализација на TAIEX активности во Република Македонија, 07.07.2005 година.

[4] Информација за помош од ЕУ за Република Македонија, јули 2005 година.

односи со институциите на ЕУ. Овие обуки се одвиваат во Република Македонија, но, и во Норвешка. И покрај спроведените активности во 2005, се предвидува да се продолжи со наведените активности и во текот на 2006 година.

Од голема поддршка за Републбика Македонија е и соработката што се остварува со **УНДП** со проектите коишто се во поддршка на координацијата на странската помош а со тоа и во поддршка на процесот на европска интеграција, кадешто исто така се обезбедуваат обуки насочени кон опфаќање на што поголем број државни службеници со обуки за координацијата на странската помош, креирањето на политики и вештини во врска со спроведување проекти.

Исто така, треба да се истакне долгогодишната соработка со **Inwent**, а сега и со **Фондацијата Институт отворено општество Македонија** - ФИООМ со **Македонскиот центар за европска обука** (МЦЕО) во обезбедување на тематска ЕУ обука но, и обука за стекнување вештини неопходни за спроведување на процесот на европска интеграција.

Покрај експлицитно истакнатите партнери и донатори во делот на обуката, јакнењето и надградувањето на капацитетите и способностите на администрацијата, соработки во овој домен се остваруваат и се планираат да се остварат, и со многу други партнери, како што се СИДА, Фондацијата Конрад Аденауер, Фондацијата Фридрих Еберт, билатерални соработки во доменот на обуката и размената на искуства со другите земји членки на Европската Унија и слично.

Улогата на Секретаријатот за европски прашања и натаму останува клучна во воспоставувањето контакти, изложувањето на потребите, договарањето, селекцијата, координацијата и навременото информирање и инволвирање на сите домашни партнери.

## Услови и ризици

Успешната имплементацијата на Оперативниот план ќе зависи од следните фактори:

- ✓ обезбедени финансиски средства за реализација на проектираните обуки од Буџетот на РМ и странските донатори и агенции;
- ✓ од расположивите човечки ресурси кои директно ќе работат на подготовка и реализација на обуките, во Секретаријатот за европски прашања;
- ✓ координацијата и соработката меѓу Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за државни службеници и другите релеватни институции коишто ќе учествуваат во реализација на обуките;
- ✓ но, секако, еден од најбитните моменти и предуслови: <u>присуството и учеството на учесниците во проектираните обуки</u>.

## Мониторинг и евалуација

Активностите предвидени да се спроведат во рамките на овој Оперативен план се договараат како подолгорочни активности од повторлив карактер. Вообичаено е да се

следат изведувањата на сите активности во врска со обуката и, согласно стекнатите искуства и претходно направените договори да се врши усогласување на формите, програмите и соработката со донаторите, како и потребите на целните групи.

По секоја изведена обука се врши евалуација на искуството, и врз основа на тој фидбек, се дефинираат и планираат натамошните потреби, а исто така, се евалуираат и самите изведувачи на обуката.

Исто така, Секретаријатот за европски прашања периодично ја информира Владата за спроведувањето на Стратегијата и на Оперативниот план.

Воедно, во рамките на Секретаријатот за европски прашања се работи на базата на податоци од спроведените обуки – активност којашто треба да се поврзе со соодветните активности на Агенцијата за државни службеници и водењето евиденција за сите државни службеници. Ваквата евиденција ќе биде основа за понатамошно систематско планирање и остварување на обуките.

Вообичаена е практиката во администрацијата по секоја следена обука или слична активност спроведена во насока на јакнењето на капацитетите, да се изработат белешки од искуствата. Во Секретаријатот за европски прашања воспоставен е и еден неформален облик на взаемно информирање дистрибуција на материјали - презентирање на искуствата пред колегите во определени термини од месецот.

## Генерални констатации и насоки произлезени од досегашните искуства

Различен е одговорот и повратните информации што се добиваат од учесниците во обуката, но, и од институциите коишто имаат потреба од обука, во врска со видот на бараната обука. Од нашите сознанија може да се заклучи дека останува и натаму трендот од потреба од:

- општа, како основна, така и продлабочена ЕУ обука, особено онаа ориентирана кон утврдување и надградување на знаењето за ЕУ, и
- во најголем дел, потреба од специјализирана ЕУ обука, особено во приоритетните области, пред с# утврдеи со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Европското партнерство;
- воедно беше нагласена потребата од надградба и усовршување на вештините кај државните службеници не само во одделенијата за европска интеграција, туку и пошироко во министерствата,

што, во суштина, претставува и одраз на состојбите во администрацијата, на с# присутноста на процесот на европска интеграција и с# поголемата ангажираност и инволвираност на администрацијата во тој процес, сопственоста над него, како и на усвојувањето на современите начини на функционирање на администрацијата.

Секретаријатот за европски прашања ќе работи и натаму на координацијата на ЕУ обуката и ги поттикнува и ќе ги поттикнува одделенијата и респективните министерства преку соодветно обезбедување средства од сопствените буџети, и преку рационално користење

на проектите и странската помош, активна и/или планирана во рамки на сопствените институции, да градат кохерентен приод и систематично покривање на потребите од обука, професионална надградба и усовршување, и тие активности да ги координираат со Секретаријатот за европски прашања.

*   *

*

**ПРЕДЛОГ ЗАКЛУЧОЦИ**

Владата на Република Македонија ги усвои следните заклучоци:

1. Владата на Република Македонија го усвои Оперативниот план за ЕУ обука на државните службеници за периодот 2005-2006 година;

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да продолжи со координирањето и работата на имплементација на Оперативниот план за ЕУ обука за 2005/2006 година, усогласувањето и координирањето на активностите за јакнење на капацитетите на администрацијата со Агенцијата за државни службеници, со министерствата и органите во состав, и со Трилатералниот комитет за координација на обуката кај локалната самоуправа, како и контактите и соработката со донаторите во таа насока.

3. Се задолжуваат сите министерства и нивните органи во состав, Секретаријатот за законодавство и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, согласно стратешкото планирање, повеќегодишното буџетско планирање и исполнувањето на среднорочните и долгорочните приоритети согласно Акциониот план за исполнување на Европското партнерство, да предвидат средства во рамките на своите годишни планови за работа и соодветни буџети, за поддршка на развојот на кадарот и негова соодветна надградба, како во генералните административни вештини, така и во однос на приоритетите на Република Македонија: евро-атланските интеграции;

4. Се задолжуваат сите министерства и нивните органи во состав, Секретаријатот за законодавство и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да обезбедат присуство и учество на своите вработени во обуките организирани во однос на процесот на европска интеграција, односно да ги ослободат од нивните дневни работни обврски во текот на траењето на обуката во којашто тие номинирале учество на свои претставници.